**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 08 - 368**
**24 . 11 .2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Известување за престанување со емитување на телевизиска програма од Трговското радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, арх.бр.0306-110/1 од 18.10.2023 г. (наш арх.бр.08-3795/1 од 18.10.2023 г.), Изјавите (заверени на нотар), наш арх.бр.08-3795/2 од 17.11.2023 г. од Управителот на радиодифузерот УЗП бр.14145/2023, Управителот на Друштвото за трговија и услуги КИСС&МЕНАДА ДОО Тетово УЗП бр.14146/2023 и од основачите/сопственици на ДТУ КИСС&МЕНАДА ДОО Тетово УЗП бр.972/2023, УЗП бр.14149/2023, УЗП бр.14148/2023 сите од 17.11.2023 г. и Заклучокот арх.бр.02-4325/11 од 23.11.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 23.11.2023 година, донесе

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, е имател на дозвола за телевизиско емитување Уп1 бр.08-542 од 11.12.2019 година, со важност од 9 (девет) години (од 19 ноември 2019 г. до 18 ноември 2028 г.), за емитување преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на регионално ниво, на подрачјето Д8 - Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце и Желино), телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

На 18.10.2023 г. ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) достави Известување за престанување со емитување на телевизиска програма арх.бр.0306-110/1 од 18.10.2023 г. (наш арх.бр.08-3795/1 од 18.10.2023 г.), со кое ја извести Агенцијата дека ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово од 19.11.2023 година престанува со емитување на телевизиска програма. Во врска со цитираното Известување, Агенцијата на 16.11.2023 година, на официјалната електронска адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на РСМ, која електронска адреса е

евидентирана во регистарот на радиодифузери на Агенцијата, по електронски пат го извести наведениот радиодифузер дека согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) потребно е да достави изјави заверени на нотар од управителот на радиодифузерот, управителот на Друштвото за трговија и услуги (ДТУ) КИСС&МЕНАДА ДОО Тетово, кој е единствен основач/сопственик на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, како и изјави од тројцата основачи/сопственици на ДТУ КИСС&МЕНАДА ДОО Тетово, во кои задолжително треба да биде наведено дека радиодифузерот ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово престанува со емитување на телевизиска програма, како и датумот на престанување (од 19.11.2023 г.).

На 17.11.2023 г. по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата од ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, беа доставени Изјави (заверени на нотар), наш арх.бр.08-3795/2 од 17.11.2023 г. од Управителот на радиодифузерот, УЗП бр.14145/2023 од 17.11.2023 г., Управителот на ДТУ КИСС&МЕНАДА ДОО Тетово, УЗП бр.14146/2023 од 17.11.2023 г., како и трите изјави од основачите/сопственици на ДТУ КИСС&МЕНАДА ДОО Тетово, УЗП бр.972/2023, УЗП бр.14149/2023 и УЗП бр.14148/2023 сите од 17.11.2023 г., со кои овластените лица изјавуваат дека ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово од 19.11.2023 година престанува со емитување на телевизиска програма. Наведениот радиодифузер нема долг кон Агенцијата.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, како и напредцитираните писмени Изјави од овластените лица заверени на нотар, исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, Изјавите (заверени на нотар), наш арх.бр.08-3795/2 од 17.11.2023 г. од Управителот на радиодифузерот УЗП бр.14145/2023, Управителот на ДТУ КИСС&МЕНАДА ДОО Тетово УЗП бр.14146/2023 и од основачите/сопственици на ДТУ КИСС&МЕНАДА ДОО Тетово УЗП бр.972/2023, УЗП бр.14149/2023, УЗП бр.14148/2023 сите од 17.11.2023 г., а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г. и Заклучокот арх.бр.02-4325/11 од 23.11.2023 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово;
- Управителот на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.